# ПРОЦЕНКА НА НИВОТО НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2023-2026)

## ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ 2024 – ЈАНУАРИ 2025



СКОПЈЕ, 2025 ГОДИНА

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

# ВОВЕД

# Вовед

Во декември 2023 година, Владата ја усвои Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија, со акциски план 2023 – 2026 година, предложена од Кабинетот на Вицепремиерот задолжен за политики за добро владеење. Стратегијата беше подготвувана низ широк и сеопфатен процес, во кој беа вклучени претставници од државните институции, од академската заедница, од граѓанското општество, меѓу кои и Здружението на новинари на Македонија, како и експерти од областа, со поддршка и во соработка со Фондацијата Метаморфозис.

Првата Стратегија за Транспарентност на Владата на Република Северна Македонија со акциски план (2019-2021) беше усвоена во ноември 2019 година, по шестмесечен период на консултации и истражувања во врска со нејзиниот делокруг и содржина. Фондацијата Метаморфозис активно учествуваше и во соработка со тогашниот министер без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, го водеше процесот на подготовка на првата Стратегија за транспарентност, а потоа и активно и континуирано го следеше спроведувањето на акцискиот план на Стратегијата за транспарентност, со цел да се утврди реализацијата на заложбите за унапредување на транспарентноста, односно активната транспарентност на институциите. Следењето покажа дека неопходно е да се продолжи со подобрување на транспарентноста и отчетноста на државните институции, што беше констатирано и преку добиените резултати од Индексот на отвореност на Фондацијата Метаморфозис[1]. Оттука, Фондацијата Метаморфозис и Владата на Република Северна Македонија претставувана од вицепремиерката задолжена за политики за добро владеење, во февруари 2023г. воспоставија соработка за подготовка на нова Стратегија за транспарентност на Владата (2023-2026).

За креирање на новата Стратегија беше формирана работна група[2] во чија работа учествуваа и експерти кои подготвија анализа на тековната состојба земајќи ги предвид последните мерења од Индексот на отвореност, извештаите од граѓанското општество со кои се мери транспарентноста на институциите, како и мониторинг извештаите за спроведувањето на акциските планови на Стратегијата за транспарентност (2019-2021). Работната група со поддршка на експертите направи анализа на политиките, законски и подзаконски акти кои ги уредуваат принципите на транспарентност и изготви стандардизиран прашалник за спроведување на минимум 20 интервјуа со претставници од засегнатите страни (*иматели на информации и баратели*). Дополнително, беше направен преглед на политиките за транспарентност и отвореност во останатите секторски

---

[1] Регионалниот Индекс на отвореност континуирано се спроведува со мрежата ACTION SEE. Во рамки на ACTION SEE мрежата за одговорност, технологија и институционална отвореност во Југоисточна Европа од која е дел Фондацијата Метаморфозис, веќе осум последователни години се следи отвореноста на државните институции на Западен Балкан преку Индексот на отвореност врз основа на што се даваат клучни препораки за подобрување на нивната транспарентност и отчетност со секој циклус на истражување. Овој Индекс обезбедува основни информации за степенот до кој принципите на добро управување се почитуваат од страна на извршната власт и ги постави темелите за дефинирање на поглавјата на Стратегијата.

[2] Решение со архивски број 10-3419/1 од 30.3.2023 г.

политики и важечки стратегии. Прегледот на тековната состојба резултираше со дефинирање на приоритетни области на Стратегијата за транспарентност.

Приоритетни области, согласно Стратегијата се: *унапредување на активната транспарентност, унапредување на пристапот до информации од јавен карактер, на фискалната транспарентност на Владата и на другите органи на извршната власт, унапредување на дигиталните можности на институциите за олеснување и автоматизирање на процесот на отворање на податоците, како и зајакнување на механизмите за отчетност за креирањето на политиките*.

Стратегијата за транспарентност на ВРСМ (2023 – 2026), заедно со Акцискиот план, произлегува од следнава визија: „Република Северна Македонија е препознатлива по високата свест и практика и култура на транспарентност, во која владеат стандарди на добро управување во институциите на извршната власт, во функција на обезбедување целосна доверба пред граѓаните и институциите“.

Мерките се подетално разработени во Акцискиот план за 2023 – 2026 година, кадешто се конкретизирани со активности, временска рамка за имплементација, проценка за потребните финансиски средства за имплементација на активностите, која институција е носител на активноста, како и вклучени институции за спроведување на активноста.

Со оглед дека Фондација Метаморфозис продолжува да ја оценува отвореноста на институциите преку Индексот на отвореност и да дава препораки за тоа како да се подобри доброто управување, се обврза и да го следи спроведувањето на Стратегијата со соодветниот акциски план за да се измери степенот на исполнетост на предвидените активности, односно работата на институциите во насока на градење висока свест, практика и култура на транспарентност во институциите.

Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за транспарентност опфаќа период од две години (декември 2023 – декември 2026), и се состои од шест поглавја кои содржат по неколку стратешки определби понатаму поделени на мерки и активности. За секоја активност има одредено временска рамка и одговорен орган за спроведување, како и индикатори за успех. Метаморфозис го следи спроведувањето на активностите според индикаторите за успех дадени во самиот акциски план, па ова може да послужи како извештај во сенка за спроведувањето на истиот.

***Бидејќи Владата не објави никаков извештај за имплементација во изминатиот период или “податоци за укажувања, упатства и мерки...” во врска со спроведувањето на Стратегијата, како што е планирано според самиот акциски план, овој извештај е единствената достапна информација за статусот на спроведување на оваа стратегија.***

Овој мониторинг го проценува спроведувањето на акцискиот план во две димензии: (1) дали се спроведува навремено и (2) дали се спроведува целосно, во случаен примерок од 40 институции: 20 министерства и 20 органи и тела на извршната власт. Подготвени се четири различни прашалници според видот на институцијата и активностите кои тие институции требаше да ги спроведат во првата година (јануари 2024 - јануари 2025 година): (1) Генералниот секретаријат како централна институција за мониторинг и орган за спроведување, (2) Министерства и органи на извршната власт, (3) Министерството за финансии, Министерството за правда, и Министерството за

дигитализација, кои покрај општите обврски што се однесуваат на сите институции, се одговорни и за спроведување на специјализирани активности, и (4) Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер заради одговорноста за спроведување на специјализирани активности.

Прашалниците беа доставени во форма на Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, за кои, законскиот рок да се одговори е 20 дена. На прашалниците одговорија 33 од 40-те контактирани институции, односно 82.5 % од нив. Од нив, бројот на институции што одговорија надвор од законски предвидениот рок е 9 институции, односно 5 министерства и 4 органи во состав. Институциите кои одговорија на нашите прашалници за следење на спроведувањето на акцискиот план на Стратегијата за транспарентност се следниве:

**Кабинет на вицепремиерот задолжен за политики за добро владеење**

**Генерален Секретаријат при Владата на РСМ**

**Министерство за внатрешни работи**

**Министерство за економија и труд**

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

**Министерство за одбрана**

**Министерство за правда**

**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

**Министерство за образование и наука**

**Министерство за локална самоуправа**

**Министерство за здравство**

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**Министерство за јавна администрација**

**Министерство за дигитална трансформација**

**Министерство за спорт**

**Биро за јавни набавки**

**Секретаријат за законодавство**

**Управа за хидрометеоролошки работи**

**Царинска управа**

**Управа за финансиско разузнавање**

**Управа за финансиска полиција**

**Биро за метрологија**

**Агенција за стоковни резерви**

**Агенција за храна и ветеринарство**

**Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер**

**Државен управен инспекторат**

**Државен инспекторат за техничка инспекција**

**Државен инспекторат за транспорт**

**Државен завод за статистика**

**Државен пазарен инспекторат**

| |
|---|
| **Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини**<br><br>**Министерство за финансии**<br><br>**Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини**<br><br>**Министерство за односи меѓу заедниците** |

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер беше испратено на 13 декември 2024 година, а потоа институциите што не одговорија беа потсетени на 21 јануари 2025 година. До завршувањето на прегледот, одговор не добивме од 7 институции, од кои 4 се министерства и 3 се органи во состав.

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини[3] одговори на 17 февруари 2025 година, цели 66 денови по испратеното барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, додека го финализиравме текстот на прегледот.

Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на 24 јануари 2025, испрати електронска порака во која побара дополнителни 30 дена за подготовка на одговорот на барањето.

На 10-ти февруари 2025 година, добивме електронска порака од Министерството за култура и туризам во која се вели: „Согласно член 8 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер како и Процедурата за постапување по прием на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, како служено лице за посредување ве информирам дека рокот за доставување на Решение за одобрување на информации ќе биде продолжен со цел соодветно да одговориме на приложеното барање како Иматели на информација“.

Министерства и органи во состав кои **не одговорија** на Барањето за информации од јавен карактер се:

| | |
|---|---|
| **Министерство за транспорт**<br><br>**Министерство за европски прашања**<br><br>**Министерство за култура и туризам**<br><br>**Министерство за надворешни работи и надворешна трговија** | **Државен санитарен и здравствен инспекторат**<br><br>**Државен инспекторат за локална самоуправа**<br><br>**Управа за извршување на санкциите** |

[3] Архивски број 08-17/12

# ПРЕГЛЕД



МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

## Преглед

Транспарентноста како начело има специфична важност за постигнувањето отворена влада, што значи дека на јавноста ѝ се достапни – сеопфатни, релевантни и навремени информации за активностите на извршната власт. Отвореноста значи дека Владата ги слуша граѓаните и деловниот свет и ги зема предвид нивните мислења кога ги формулира и ги спроведува јавните политики, а отчетноста, пак, укажува дека е можно да се идентификуваат носителите на јавните функции и јавните службеници, кои треба да се повикаат на одговорност за актите што ги донеле и за дејствата што ги презеле.

Владите можат да работат подобро кога се транспарентни во однос на своите активности, процедури и податоци, кога го поттикнуваат учеството на јавноста и кога ги исполнуваат барањата на граѓаните. Оттука, владата е транспарентна кога проактивно објавува информации и податоци што им помагаат на граѓаните да остваруваат права, да носат одлуки за сопствениот живот за да преземаат деловни потфати, но и за да разберат како јавните власти носат одлуки и како ги трошат јавните средства.

Оваа Стратегија за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија е тригодишен документ што го опфаќа периодот декември 2023 – декември 2026 година, и е усогласена со потребите и со очекувањата на граѓаните, на деловните субјекти и на институциите за да се постигне проактивен и отворен систем, а во насока на целосна транспарентност и промена на институционалната култура кон поголема демократизација на општеството.

Стратегијата, освен Владата, ги насочува и: *сите министерства и органите во нивниот состав; самостојните органи на државната управа; самостојните државни органи и управните организации што одговараат пред Владата; јавните претпријатија основани од Владата и акционерските друштва во државна сопственост* да изградат висока свест, практика и култура на транспарентност во институциите, односно да ја сфатат и да ја прифатат транспарентноста како начин на работење.

Клучни правци за делување кон остварување на транспарентноста се:

- Изедначени веб-локации и ажурирани податоци од делокругот на Владата и на институциите, објавени на македонски јазик и на службените јазици на РСМ;
- Сите прописи и правни акти, но и други документи што на посреден или на непосреден начин влијаат врз правата и врз обврските на граѓаните, да се јавно достапни, систематизирани и ажурирани;
- Помош на граѓаните при наоѓање одреден податок (пристапот до информации да не се поистовети со пристап до документи, туку со добивање валидни податоци во отворен формат);
- Пристапот до информации да не подразбира трошоци;
- Граѓаните да имаат увид во трошењето на буџетските средства и во буџетските приходи, односно во јавните средства – буџетот да биде претставен во облик разбирлив и следлив за граѓаните;
- Граѓаните да имаат увид во јавните процеси и во работењето на институциите, во користењето дадени надлежности и дискрециони овластувања.

Освен подобрување на транспарентноста и на интегритетот на јавните институции, Стратегијата посредно треба да придонесе и за следниве области:

- Транспарентност и инклузивност при креирањето закони и јавни политики;
- Транспарентност околу ефикасноста и ефективноста при управувањето со јавните финансии, државната помош и со грантовите;
- Транспарентен пристап до сите јавни професии;
- Транспарентност на буџетот и на јавните расходи;
- Зголемена транспарентност во медиумскиот простор и во врска со финансирањето на политичките партии;
- Подобрена координација меѓу клучните чинители и зајакнување на нивните капацитети за спроведување на начелата на транспарентност.

## Активна транспарентност на Владата и на другите органи во извршната власт

Според акцискиот план, во периодот меѓу јануари 2024 и јануари 2025 година требаше да се спроведат активности од две мерки во рамките на поглавјето Активна транспарентност на Владата и на другите органи во извршната власт. Првата мерка е „Поттикнување на активна транспарентност преку пристап до информации“, додека втората мерка предвидува “Стандардизирање на пристапот кон активната транспарентност“.

Резиме на планираните активности:

1. Одржани 3 тематски квартални седници на Владата на Република Северна Македонија за укажување на недоследности во транспарентноста кај имателите на информациите;
2. Брошури, подготовка на медиумска кампања и други промотивни материјали од страна на Владата на Република Северна Македонија, а во соработка со Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, здруженијата на граѓани, фондациите и медиумите;
3. Објавени информации што произлегле од веќе одговорени барања за пристап до информации;
4. Креирање на веб секции на веб страницата на Владата на министрите без ресор;
5. Направена разлика помеѓу новинарски производи и владина комуникација преку означување на соопштенија, видеа и фотографии создадени од службите за односи со јавноста со водени жигови.

Мониторингот спроведен од Фондацијата Метаморфозис покажува дека планираните активности ***се спроведуваат само по иницијатива на институциите, а не како организирана акција***.

Што се однесува до заложбата да се воспоставува тесна соработка меѓу Владата и Агенцијата за слободен пристап, Генералниот Секретаријат во координација со Кабинетот на Заменик претседателот на Владата задолжен за добро владеење[4], известува дека:

- Не се одржани тематски квартални седници на ВРСМ за укажување на недоследностите во транспарентноста кај имателите на информации. Но, и согласно Програмата за работа,

[4] Архивски број 08-17/3

транспарентноста на актуелната Влада е врвен приоритет во функционирањето. Превентивната улога на транспарентноста во работата на институциите е еден од механизмите за подобрување на нивната работа, како во насока на зголемување на нивната ефикасност, така и во насока на намалување на можностите за каква било форма на злоупотреби и корупција, за што Владата низ своето работење, доследно ќе се залага. Но, поради измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа[5], со кој се формирани нови министерства кои согласно своите надлежности треба да превземат дел од активностите согласно Акцискиот план на СТ, истиот е во фаза на измени и дополнувања, по што ќе влезе во владина процедура на усвојување.

- Не се подготвени брошури, медиумска кампања и други промотивни материјали од страна на ВРСМ, активности кои треба да се реализираат во соработка со АЗПСПИЈК, здруженија на граѓани, фондациите и медиумите, во насока на зголемување на транспарентноста на институциите.
- Во тек е креирањето на веб-секции на веб-страницата на Владата на министрите без ресор.
- ВРСМ не користи воден жиг во ниеден облик, ниту означува било каков документ.

Министерството за внатрешни работи[6] известија дека имаат воден жиг само на видеа на јутуб, додека Министерството за економија и труд[7] одговори дека целосно ги следи назнаките во книгата за графички стандарди донесена од страна на Владата на РСМ, и испрати линкови до објави што го потврдуваат тоа. Во тек е изработка на воден жиг на Министерството за животна средина и просторно планирање[8] во кој е направена измена на името на државата во Република Северна Македонија. Известија дека во моментот не се означуваат информативните материјали со воден жиг. Соопштенијата се ставаат на меморандум, а видеата имаат вметнато лого на Министерството.

Министерството за образование и наука[9] објаснува дека соопштенијата се испорачуваат на официјален меморандум на институцијата, изготвен согласно книгата на графички стандарди на Владата. Сликите и видеата кои се споделуваат со медиуми се објавуваат на нивната веб страница, како и на профилите на институцијата на социјалните медиуми.

Во Министерството за локална самоуправа[10] велат дека официјалните соопштенија се подготвуваат на Меморандум со воден жиг. Досега немало таква пракса за означување на официјални видеа и фотографии на таков начин. Министерството за здравство[11] известувањата и соопштенијата до медиуми ги испраќа на официјален меморандум, а фотографиите и видеата кои се објавуваат од настани се изготвени од лице ангажирано од кабинетот за оваа намена.

Министерството за јавна администрација[12], како и Министерството за социјална политика[13] не користат воден жиг. Според одговорот на Министерството за одбрана[14], тие користат воден жиг.

[5] https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=67027
[6] Архивски број 08-83/52
[7] Архивски број 08-83/58
[8] Архивски број 08-83/49
[9] Архивски број 08-83/57
[10] Архивски број 08-83/59
[11] Архивски број 08-83/53
[12] Архивски број 08-17/11
[13] Архивски број 08-17/7
[14] Архивски број 08-17/2

Министерството за односи меѓу заедниците[15] известува дека користат официјален меморандум и притоа го преведуваат текстот на јазик што го зборуваат најмалку 20% од заедницата. Од технички аспект, известуваат, користењето на воден жиг ќе почне од први февруари 2025 година. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство[16] не ги обележува своите соопштенија со воден жиг, но има иницирано меѓуинституционална консултација на оваа тема.

Царинска управа[17] на неделно ниво објавува соопштенија за заплени остварени во изминатата недела, при што на секоја фотографија од заплена се става логото на Царинската управа, односно се користи жиг на секоја фотографија и видео од заплена.

Министерството за спорт[18] е новоформирана институција, се вели во нивниот допис, и дека согласно член 23 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, и во таа насока, известуваат дека се врши усогласување на стандардите со Владата на РСМ, за изработка на веб страна на која согласно утврдените стандарди ќе ги содржи сите прашања содржани во нашето барање.

## Пристап до информации од јавен карактер

Во поглавјето „Пристап до информации од јавен карактер“ постојат три мерки: „Сузбивање на штетна пракса од игнорирање (*молчење на администрацијата*) на барањата за пристап до информации од јавен карактер“; „Спроведување на начелото на делегирање на надлежноста согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“; „Постапување по барањата за слободен пристап на информации од јавен карактер“. За секоја од трите предвидени мерки има по една планирана активност во периодот што е предмет на мониторирање.

Овој список нуди резиме на планираните мерки и активности во рамки на ова поглавје:

1. Донесени законски измени за проширување на надлежностите на Агенцијата и бришење на рокот за поднесување жалба за случај на молчење на администрацијата;

2. Донесен интерен акт на ниво на институција за спроведување на начелото на делегирање на надлежноста согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;

3. Донесени интерни процедури за постапување по барање за пристап до информации и процедура за активно објавување на податоците со помош на АСПИ.

Од добиените одговори од институциите може да се заклучи дека ***заложбата за делегирање на моќта во постапките за пристап до информации ретко се спроведува дури и по сопствена иницијатива на институциите.***

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има решение за службено лице, но решението го добивме со потпис на раководното лице. Министерство за јавна администрација ни испрати непотпишан допис и информација дека нема делегирано лице. Министерството за локална самоуправа извести дека *„не е донесен интерен акт за делегирање на надлежноста од страна*

---

[15] Архивски број 08-17/9
[16] Архивски број 08-83/55
[17] Архивски број 08-17/8
[18] Архивски број 08-83/48

*на одговорното лице. Делегирањето на надлежноста не е регулирано во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и не претставува законска обврска*".

Министерството за правда[19] потврди дека не е донесен интерен акт на надлежноста според Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Согласно систематизацијата, во Министерството за правда има вработен виш соработник за остварување на правото на слободен пристап за информации од јавен карактер кој е и службено лице. Министерство за дигитална трансформација[20], Министерство за социјална политика и демографија, Министерството за образование и наука, Бирото за метрологија[21], Министерство за одбрана и УХМР[22] имаат донесен акт за делегирање на лице задолжено за остварување на правото на слободен пристап до информации.

**Освен Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер[23], како позитивен пример ги издвојуваме Државен пазарен инспекторат[24] и Државен управен инспекторат[25], коишто покрај тоа што уредно одговорија, испратија и одговори со печат на институцијата и потпишани од одговорното лице за остварување на правото на слободен пристап за информации од јавен карактер, а не функционерот, односно избраното лице на институцијата.**

Агенција за храна и ветеринарство[26] известува дека согласно член 8 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, именувани се службени лица за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, но, не е донесен интерен акт за делегирање на надлежноста, односно, решенијата кои се носат ги потпишува функционерот на институцијата – Директорот.

Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија на ниво на институцијата за спроведување на начелото на делегирање на надлежноста, во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, вели дека со акт на одговорното лице има назначено лица кои постапуваат по барањата за слободен пристап до информациите од јавен карактер за кои водат посебна евиденција, која последователно се интегрира во Годишниот извештај.

Не се донесени интерни процедури за постапување по барање за пристап до информации и процедура за активно објавување на податоците со помош на АСПИ информираат од Министерство за здравство. Во Агенцијата за храна и ветеринарство е донесена интерна процедура за постапување и сите добиени предмети се објавуваат на веб страницата на институцијата. Министерство за образование и култура вели дека се следи Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и на секое барање се одговара во рок од 20 дена.

Министерството за економија и труд ги има објавено сите одговори на добиените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во Министерството за јавна администрација

---

[19] Архивски број 08-83/60
[20] Архивски број 08-83/61
[21] Архивски број 08-83/56
[22] Архивски број 08-83/54
[23] Архивски број 08-83/50
[24] Архивски број 08-17/5
[25] Архивски број 08-83/46
[26] Архивски број 08-83/44

не се донесени интерни процедури за постапување по барање за пристап до информации и процедура за активно објавување на податоците. Министерството за одбрана има интерни процедури за постапување по барања, односно Правилник за транспарентност донесен во 2018 година и ажуриран во 2021 година. Управата за финансиска полиција[27] има донесено Процедура за постапување по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во Министерството за социјална политика, демографија и млади, изготвена е процедура за работа на секторот за координација и техничка помош во која се уредува постапувањето по барања согласно со Законот за слободен пристап до информации. Во истата процедура се посочуваат надлежностите и начинот на функционирање на Одделението за односи со јавност во однос на навремено информирање на јавноста.

Во Министерство за локална самоуправа се донесени интерни процедури за постапување по барање за пристап до информации и процедура за активно објавување на податоците. Министерството за правда нема донесено интерни процедури.

Во одговорот од Министерството за односи меѓу заедниците стои „*новото раководство на Министерството за односи меѓу заедниците утврди дека во поранешното Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците воопшто не биле донесени процедури за работа во министерството. За таа цел формирана е работна група за донесување процедури со Решение бр. 04-742/1 од 2.12.2024 година која работи на изготвување на повеќе интерни процедури, меѓу кои е и интерната процедура за јавни набавки и интерната процедура за постапување по барање за пристап до информации и процедура за активно објавување на податоците со помош на АСПИ. Согласно Стратегијта за транспарентност на Владата на РСМ, процедурите ќе бидат објавени на веб страницата на министерството во текот на следниот месец*“.

Бирото за метрологија ги нема објавено интерните политики и процеси за постапување по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Управата за финансиско разузнавање[28], исто така, информира дека нема донесено интерна процедура за постапување по барања за слободен пристап до информации.

Генералниот секретаријат нема донесено интерни процедури за постапувања по барањата за пристап до информации од јавен карактер, но известува дека „*согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/2019), Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2020) и во координација со АСПИ, обезбедува проактивна транспарентност на информациите преку водење, ажурирање и објавување на информациите на веб странатa*“. На официјалната веб страница на Министерството за здравство е креиран посебен дел за транспарентност каде се објавени повеќе податоци и информации од јавен карактер.

Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер има објавено внатрешни процедури на својата веб страница. МЖСПП има донесено интерна процедура за начинот на обезбедување информации од јавен карактер. Истата претставува дел од ИСО процедурите за кои МЖСПП е во тек на сертификација. Исто така на веб страницата е објавено Упатство за

[27] Архивски број 08-17/4
[28] Архивски број 08-83/47

спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Министерството за земјоделство известува дека од 2024 година барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер се водат во уписник 1 (УП1). Во однос на „процедурата за активно објавување на податоци“, во Министерството изготвена е листа на документи кои се прикачуваат на интернет страницата www.mzsv.gov.mk. Овој документ покрај име на информација содржи и временски интервал кога информацијата се ажурира.

Министерството за правда известува дека во моментов фунцкионира работна група која расправа за измени и дополнувања на Законот за слободен пристап кој ќе ги содржи и законски измени за проширување на надлежностите на Агенцијата и бришење на рокот за поднесување жалба за случај на молчење на администрацијата.

***Мониторингот спроведен од Фондацијата Метаморфозис покажува дека ниту една мерка не е целосно спроведена во планираниот период, ниту пак е еднакво исполнета од сите чинители.***

## Фискална транспарентност на Владата и на другите органи во извршната власт

Во поглавјето „Фискална транспарентност на Владата и на другите органи во извршната власт“ има две мерки кои содржат активности планирани да се спроведат целосно заклучно со првиот квартал од 2025 година. Првата мерка е „Поврзување на податоците за јавните набавки прикачени на веб - страниците на министерствата и другите органи и организации опфатени со оваа Стратегија и оние на Електронскиот систем за јавни набавки, така што, податоците ќе кореспондираат; додека втората мерка е „Надградба на Алатката за отчетност на трошоците на носителите на јавните функции“.

За овие две мерки, предвидени се две активности, за чие исполнување го прашавме Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, и сите останати институции до кои беше споделено Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Активностите кои требаше да се спроведат во првата година се:

- Објавување на внатрешните процедури за јавни набавки на веб страниците на институциите;
- Секоја институција индивидуално да ја ажурира алатката за отчетност на трошоците на носителите на јавните функции во континуитет.

Мониторингот спроведен од страна на Фондацијата Метаморфозис покажува дека ***обврските планирани во ова поглавје се делумно извршени, односно објавата на процедурите за јавни набавки се спроведени кај најголем број институции, но сепак не се објавени кај сите; и дека ажурирањето на алатката за отчетност се врши од голем број институции, но повторно, не од сите.***

МЖСПП информира дека интерната процедура за јавни набавки е објавена на нивната веб страница. Министерството за одбрана има објавено внатрешни процедури за јавни набавки, сите правилници во делот Легислатива – подзаконски акти. Агенција за храна и ветеринарство исто така, ги има објавено интерните процедури за јавни набавки на веб сајтот и известува дека е изработен

банер кој води до објавените податоци за отчетност, но истите не се ажурирани од 2018 година. Бирото за јавни набавки исто како и УХМР ги има објавено интерните процедури за јавни набавки.

Министерството за правда, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Управата за финансиска полиција и Управата за финансиско разузнавање имаат објавено процедура за јавни набавки на своите веб страници. На веб страницата на ВРСМ се објавени внатрешните процедури за јавни набавки. Процедурата за отпочнување и спроведување на постапки за јавни набавки и подготовка, склучување и реализација на договорите, се наоѓа на нивниот сајт, веднаш по Реализирани договори, информираат од Министерството за здравство.

Агенцијата за стоковни резерви[29] има донесено внатрешни процедури за јавни набавки, меѓутоа истите ги нема објавено на веб страната. Државниот инспекторат за техничка инспекција, преименуван во Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини[30], ги нема објавено интерните процедури за јавни набавки, се вели во нивниот допис.

Министерството за локална самоуправа нема интерни процедури за јавни набавки. Известуваат дека вршат само јавни набавки од мал обем, за внатрешните потреби на министерството.

Во врска со алатката за транспарентност, Министерството за животна средина на барање на Владата доставува извештаи на секои три месеци за трошоците на носителите на функции во институцијата. Управата за финансиска полиција има достапна алатка за отчетност на трошоците на вршителите на јавни функции на својата веб страница. УХМР прави редовно ажурирање на алатката за отчетност и истата е објавена и на нивната веб страница. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство информира дека не е направена надградба на алатката за отчетност.

Секретаријатот за законодавство[31] информира дека нема потреба од ажурирање на алатката бидејќи нема многу такви трошоци и се објавува табела за транспарентност на нивната веб страница.

Во дописот кој ни го испрати Министерството за финансии[32], стои: *„за прашањето дали се донесени интерни процедури за постапување по барање за пристап до информации и процедура за активно објавување на податоците со помош на АСПИ и под реден број 4 дали се објавени внатрешните процедури за јавни набавки на веб страницата на институцијата, известуваме дека податоците кои ги бара барателот не се објавени во Листата на информации од јавен карактер со кои располага Министерството за финансии, а притоа, интерните процедури, кои акти се од интелектуална сопственост се објавени на внатрешната интерна мрежа во Министерството за потребите на вработените“*.

[29] Архивски број 08-83/51
[30] Архивски број 08-17/10
[31] Архивски број 08-83/41
[32] Архивски број 08-17/6

## Отворени податоци и користење на податоците од јавниот сектор

Зголемување на институционалната свест за потребата и за придобивките од отворени податоци е општата цел на поглавјето *„Отворени податоци и користење на податоците од јавниот сектор“*. Тука има две мерки со токму толку активности предвидени да се реализираат во мониторираниот период. Мерката *„Јакнење на институционална култура за отворени податоци“*, е под истоимената посебна цел 1.

Мерката *„Идентификување на категории податоци од важност за граѓанските организации и бизнис секторот“* е под посебната цел 2 *„Унапредување на дигиталните можности на институциите за олеснување и автоматизирање на процесот на отворање на податоците“*.

Според акцискиот план, во периодот од донесувањето на Стратегијата до првиот квартал во 2025, предвидени се:

1. Промоција на порталот и достапните отворени податоци преку социјални мрежи, настани, промотивни состаноци итн., преку пет промотивни настани со објави на социјални медиуми;

2. Објавување на податоците кои ги побарале граѓанските организации и приватните компании опфатени со екс пост анализата за спроведување на Законот за користење на податоците од јавен сектор;

Спроведениот мониторинг покажа *дека* ***овие две активности не се спроведени***. **Дел од институциите ги објавуваат податоците што ги побарале граѓанските организации и приватните компании, некои ги објавуваат и во отворен формат, но по сопствена иницијатива.**

Бирото за јавни набавки[33] и Државниот инспекторат за транспорт[34] се единствените институции кои известија дека во мониторираниот период имаат направено одредена промоција: Бирото за јавни набавки има објавено промотивно видео за порталот за отворени податоци, додека Државен инспекторат за транспорт сподели информација дека промоција е извршена на нивниот официјален фејсбук профил.

Државниот инспекторат за транспорт информира дека во тек е тендерска постапка за избор на ИТ фирма за одржување која потоа ќе се грижи за прикачување на документи на нивната веб страна.

Изворно го пренесуваме одговорот од Генералниот секретаријат: „*Не е направена промоција на порталот за отворени податоци и достапните отворени податоци преку социјални мрежи, настани, промотивни состаноци. Оваа мерка беше предвидено да се реализација со поранешното МИОА, но со поделбата согласно Закон, надлежна институција за реализација на оваа мерка ќе биде на Министерството за јавна администрација*.“

Министерството за животна средина и просторно планирање информира дека „редовно ги ажурираше податоците од својата надлежност на порталот data.gov.mk кој во моментов, од непознати причини за нас, не е во функција подолг временски период“. Министерството за одбрана информира дека ги објавува буџетите во машински читлив формат на својот сајт, додека

[33] Архивски број 08-17/1
[34] Архивски број 08-83-42

Министерството за животна средина ни го испрати следниот линк како одговор: https://www.moepp.gov.mk/ministerstvo/transparentnost/informacii-javen-karakter

Министерството за земјоделство информира дека за податоците кои ги побарале граѓанските организации и бизнис секторот преку барања за слободен пристап до информации, потоа редовно се објавуваат. Од Генералниот Секретаријат во врска со втората мерка, ни посочија дека надлежна институција која може да одговори за објавување на податоците кои ги побарале граѓанските организации и приватните компании опфатени со екс пост анализата за спроведување на Законот за користење на податоците од јавен сектор, е Министерството за јавна администрација.

Во својот одговор МО потенцира дека согласно правилникот за измена и дополнување на Правилникот за транспарентност во Министерството за одбрана од 14.1.20221 година, МО ги објавува сите одговори на прашањата поставени согласно Законот за СПИЈК. Тоа ги вклучува и барањата пристигнати од граѓански организации и други физички и правни лица.

Сите податоци што ги објавува Заводот за статистика[35] во соопштенијата и публикациите се слободни за користење. МакСтат базата што ја одржува оваа институција ги задоволува сите критериуми за отворени податоци, вклучувајќи и можност за преземање на податоци преку АПИ. На веб страницата на Заводот за статистика има линк што води до Националната Инфраструктура на Просторни Податоци – НИПП Национален Геопортал.

## Транспарентност при носење акти и одлуки

Поглавјето содржи две мерки со вкупно шест активности, но ниту една не е предвидена да заврши до првиот квартал на 2025 година. Општата цел е зајакнување на транспарентноста на креирање владини политики, како предлог закони, подзаконски акти, стратегии преку задолжително консултирање на јавноста. Сите шест активности се планирани да отпочнат од 1 јануари годинава.

## Транспарентност на процеси

Општа цел на поглавјето „Транспарентност на процеси“ е „Обезбедување интегритет и транспарентност при носење одлуки за кои раководното лице употребува дискрециона моќ или овластување“. Во ова поглавје постојат две мерки што треба да се реализираат во мониторираниот период. Мерката *Транспарентност на дискрециони овластувања* е дел од посебната цел 1 *Користење на мерките за транспарентност како средство за стеснување на можноста за злоупотреба на дискреционите овластувања*.

*Унапредување на Кодексот во насока на унапредувањето на принципите на добро владеење и правилата на однесување на именуваните функционери* е мерката од посебната цел 2 *Поттикнување одговорност за користењето на дискреционите овластувања преку задолжителна отчетност и образложенија*.

[35] Архивски број 08-83/43

Предвидени се две активности:

1. Објавување информации од значење за јавноста за спроведените дејства и за преземените инспекциски мерки заради заштита на јавните финансиски интереси, Годишен извештај за работата на финансиската инспекција и решение за отфрлање анонимна пријава за финансиска инспекција;

2. Објавување на извештаите од спроведувањето на Кодексот.

За првата активност одговорна институција е Министерство за финансии/Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средства, додека за втората активност одговорна институција е Кабинетот на Вицепремиерот задолжен за добро управување. Во одговорот од Министерството за финансии се вели дека редовно се објавуваат годишни извештаи за работата на финансиската инспекција и решенија за отфрлање анонимни пријави за финансиска инспекција, од страна на Министерството за финансии.

***Оваа мерка е целосно исполнета.***

Во врска со втората мерка, односно „Објавување на извештаите од спроведувањето на Кодексот“, во координираниот допис од Кабинетот на Вицепремиерот и Генералниот Секретаријат се вели дека Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, согласно Одлука на Влада е во надлежност на Министерството за правда. Според нивниот допис, се чека на иницијатива од ресорното Министерство.

## Рамка за следење, оценување и известување

Во рамката за следење, оценување и известување се вели: „*Со цел да се обезбеди што поуспешно спроведување на Стратегијата за транспарентност на ВРСМ, се предвидува формирање одделение во рамките на Генералниот секретаријат на ВРСМ, кое ќе биде задолжено за собирање и анализа на податоците поврзани со спроведувањето на овој стратегиски документ. Ова одделение ќе подготвува извештаи за спроведувањето на Стратегијата за транспарентност на ВРСМ (декември 2023 – декември 2026), односно Акцискиот план, кои Генералниот секретаријат ќе ги доставува до Заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење. Оттаму, Заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, ќе ги доставува до ВРСМ извештаите за спроведувањето на Стратегијата.*“

Во моментот на пишување на извештајот, посебно одделение во рамките на Генералниот Секретаријат на ВРСМ, кое ќе се занимава со следење, оценување и известувања во врска со Стратегијата за транспарентност, ***не е формирано***, ***но се почнати начелни активности за негово структурирање.***

Формирањето на организациската единица за стратегиски развој и транспарентност во рамките на ГС на ВРСМ е поврзано со Мерка 3 од првата приоритетна област.

# ЗАВРШНИ ЗАБЕЛЕШКИ



МЕТАМОРФОЗИС

Фондација за интернет и општество

## Завршни забелешки

Крајниот заклучок од мониторингот е дека спроведувањето на Стратегијата за транспарентност стагнира најголем дел од нејзиниот период на спроведување. Од вкупниот број активности на Акцискиот план, само една е целосно спроведена.

Во јавноста нема информации за статусот на спроведување на Стратегијата, ниту пак биле информирани заинтересираните страни за ангажираноста на Владата за спроведување на заложбите или пак за планот да се реструктурира и да се прилагоди временската рамка. Со мотив да се постигне визијата на оваа Стратегија т.е да се изгради довербата на граѓаните во Владата на РСМ, комуникацијата и известувањето за сите донесени политики од страна на Владата кон јавноста треба да бидат доследни и навремени.

***Затоа, активноста која моментално е клучна и треба итно да се спроведе е формирање на посебно одделение во рамките на Генералниот Секретаријат на ВРСМ, кое ќе се занимава со следење, оценување и известувања во врска со Стратегијата за транспарентност***

# ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИСКИОТ ПЛАН



МЕТАМОРФОЗИС

Фондација за интернет и општество

## Табеларен приказ на спроведувањето на Акцискиот План

| *Приоритетна област* | *Мерки* | *Активности* | *Планиран датум (квартал) на извршување* | *Индикатори за успешност* | *Одговорна институција* | **Статус на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2Приоритетна 2област 1: Активна транспарентност на владата и другите органи на извршната власт** | М1: Поттикнување на активната транспарентност преку пристап до информации | А1.3 Зајакнување на соработката меѓу АЗПСПИЈК и Владата во подигнување на нивото на транспарентноста на имателите на информациите | I/2025 | А1.3 Одржани 3 тематски квартални седници на ВРСМ за укажување на недоследности во транспарентноста кај имателите на информациите; А1.4 Брошури, подготовка на медиумска кампања и други промотивни материјали од страна на ВРСМ, а во соработка со АЗПСПИЈК, здруженијата на граѓани, | ГС на ВРСМ/ АЗПСПИЈК | |
| | | А1.3 Зајакнување на соработката меѓу АЗПСПИЈК и Владата во подигнување на нивото на транспарентноста на имателите на информациите | I/2025 | | ГС на ВРСМ/ АЗПСПИЈК | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | фондациите и медиумите; А1.5 Објавени информации што произлегле од веќе одговорени барања за пристап до информации; | | |
| | М.2. Стандардизирање на пристапот кон активната транспарентност | А.2.4 Креирање на веб секции на веб страницата на Владата на министрите без ресор | I/2025 | А.2.4 Креирани веб секции | ГС на ВРСМ | |
| | М.2. Стандардизирање на пристапот кон активната транспарентност | А2.5 Означување на соопштенија, видеа, фотографии создадени од службите за односи со јавноста со водени жигови | континуирано | А2.5 Направена разлика помеѓу новинарски производи и владина комуникација | ВРСМ/ министерства / сите институции | |
| | М3. Формирање организациска единица за стратегиски развој и транспарентност, во рамките на ГС на ВРСМ | А3.1 Обука за вработените во организациската единица | II/2024 | А3.1 Измени на акт за систематизација, обучени вработени | ГС на ВРСМ | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритетна област 1: Активна транспарентност на владата и другите органи на извршната власт** | М.1. Сузбивање на штетна пракса од игнорирање (молчење на администрацијата) на барањата за пристап до информации од јавен карактер | А1.2. Законски измени за проширување на надлежностите на Агенцијата и бришење на рокот за поднесување жалба за случај на молчење на администрацијата | I / 2025 | А1.2 Донесени законски измени за проширување на надлежностите на Агенцијата и бришење на рокот за поднесување жалба за случај на молчење на администрацијата | Министерство за правда / АЗПСПИЈК | |
| | М2. Спроведување на начелото на делегирање на надлежноста согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | А2.1 Интерен акт на ниво на институција | I / 2025 | А2.1 Донесен интерен акт на ниво на институција | ГС на ВРСМ / сите институции | |
| | М3. Постапување по барањата за слободен пристап на информации од јавен карактер | А3.1 Подготовката на интерни процедури за постапување по барање за пристап до информации и процедура за активно објавување | I / 2025 | А3.1 Донесени интерни процедури за постапување по барање за пристап до информации и процедура за активно | ГС на ВРСМ / сите институции | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | на податоците со помош на АСПИ | | објавување на податоците со помош на АСПИ | | |
| **Фискална транспарентност на владата и другите органи на извршната власт** | М1. Поврзување на податоците за јавните набавки прикачени на веб - страниците на министерствата и другите органи и организации опфатени со оваа Стратегија и оние на Електронскиот систем за јавни набавки, така што, податоците ќе кореспондираат | А1.2 Објавување на внатрешните процедури за јавни набавки на веб страниците на институциите | III/2024 | А1.2 Објавени процедури на веб кај институциите | ГС на ВРСМ/сите институции | |
| | М3. Надградба на Алатката за отчетност на трошоците на носителите на јавните функции | А3.1 Секоја институција индивидуално да ја ажурира алатката во континуитет | I/2025 | А3.1 Ажурирани податоци за алатката за отчетност | ГС на ВРСМ/сите институции | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Отворени податоци и користење на податоците од јавниот сектор** | Посебна цел 1, М1. Јакнење на институционална култура за отворени податоци | А1.1 Промоција на порталот и достапните отворени податоци преку социјални мрежи, настани, промотивни состаноци итн. | I/2025 | А1.1 Пет промотивни настани со објави на социјални медиуми | ГС на ВРСМ/МИОА/Имателии на податоци од јавен карактер | |
| | Посебна цел 2,М2. Идентификување на категории податоци од важност за граѓанските организации и бизнис секторот | А2.1 Објавување на податоците кои ги побарале граѓанските организации и приватните компании опфатени со екс пост анализата за спроведување на Законот за користење на податоците од јавен сектор | III/2024 | А2.1 Објавени нови категории податоци | МИОА/сите институции | |
| **Транспарентност на процеси** | Посебна цел 2, М1. Транспарентност на дискрециони овластувања | А1.6 Објавување информации од значење за јавноста за спроведените дејства и за преземените инспекциски мерки заради заштита на јавните финансиски интереси, Годишен извештај за рабосата на финансиската | Во континуитет | А1.6 Објавени информации од значење за јавноста за спроведените дејства и за преземените инспекциски мерки заради заштита на јавните финансиски | Министерство за финансии/Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средства | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | инспекција и решение за отфрлање анонимна пријава за финансиска инспекција | | интереси, Годишни извештаи за работата на финансиската инспекција и решенија за отфрлање анонимни пријави за финансиска инспекција | | |
| | Посебна цел 2, М2. Унапредување на Кодексот во насока на унапредувањето на принципите на добро владеење и правилата на однесување на именуваните функционери | А2.2 Објавување на извештаите од спроведувањето на Кодексот | Во континуитет | А2.2 Објавени извештаи на веб страната на ВРСМ | КЗПВРСМ | |

# АНЕКС 1: МЕТОДОЛОГИЈА



МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

# Анекс 1: Методологија

**МЕТОДОЛОГИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Оваа методологија е развиена со цел да се следи и оцени (1) целосното и (2) навременото спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија. Следењето опфаќа 40 институции на централно ниво избрани по случаен избор и се врши на годишна основа. Алатките што се применуваат за време на следењето вклучуваат (1) прашалник доставен по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до институцијата одговорна за спроведувањето на дадените мерки како и (2) онлајн следење на веб-страниците на одговорните институции. Следењето се заснова на индикаторите и роковите на Рамката за следење и евалуација вклучена во Акцискиот план, со мали додатоци. Во случаи кога сите институции опфатени со Стратегијата се одговорни за спроведување на одредена мерка, ќе бидат побарани информации од сите 40-те институции покриени со ова истражување.

Оценувањето на спроведувањето на мерките ќе се врши преку четири скалила, прикажани на сликата погоре.

| Задоцнета/Неспроведена | Во тек | Целосно завршена со задоцнување | Целосно завршена на време |
|---|---|---|---|
| | | | |

Активноста се оценува како задоцнета ако не е започната пред рокот за спроведување предвиден во Акцискиот план. Активностите што нема да бидат започнати за целиот период на спроведувањето на Акцискиот план, на крајот ќе бидат оценети како неспроведени.

Активноста се оценува дека е во тек доколку е започната во рокот предвиден во Акцискиот план и сè уште не е завршена.

Активноста се оценува како целосно завршена со задоцнување доколку е целосно завршена, но по истекот на временската рамка предвидена во Акцискиот план.

Активноста се оценува како целосно завршена на време ако е целосно завршена во временската рамка предвидена во Акцискиот план.

Во случаи кога повеќе институции се одговорни за спроведување на дадена активност, таа ќе се оцени како завршена ***само доколку и кога сите 40 набљудувани институции целосно ќе ја спроведат***.

# АНЕКС 2:
# ЛИСТА НА МОНИТОРИРАНИ ИНСТИТУЦИИ



МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

## Анекс 2: Листа на мониторирани институции

Генерален Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (ГЕНСЕК)

Кабинет на Заменик Премиерот задолжен за добро управување во Владата на РСМ

Министерство за внатрешни работи (МВР)

Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

Министерство за финансии

Министерство за економија и труд

Министерство за транспорт

Министерство за култура и туризам

Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСП)

Министерство за одбрана (МО)

Министерство за правда

Министерство за социјална политика, демографија и млади

Министерство за образование и наука (МОН)

Министерство за локална самоуправа (МЛС)

Министерство за здравство

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ)

Министерство за јавна администрација (МЈА)

Министерство за односи меѓу заедниците (МОЗ)

Министерство за европски прашања (МЕП)

Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини

Министерство за дигитална трансформација (МДТ)

Министерство за спорт

Управа за финансиска полиција

Државен санитарен и здравствен инспекторат

Биро за јавни набавки (БЈН)

Државен пазарен инспекторат (ДПИ)

Управа за хидрометеоролошки работи (УХМР)

Биро за метрологија

Агенција за стоковни резерви

Царинска управа

Агенција за храна и ветеринарство (АХВ)

Секретаријат за законодавство

Управа за финансиско разузнавање

Управа за извршување на санкциите

Државен управен инспекторат (ДУИ)

Државен инспекторат за локална самоуправа

Државен инспекторат за техничка инспекција (ДИТИ)

Државен инспекторат за транспорт (ДИТ)

Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (АЗПСПИЈК)

Државен завод за статистика (ДЗС)

МЕТАМОРФОЗИС

Фондација за интернет и општество